*Д-р Јорданка Галева**

ВЛИЈАНИЕТО НА МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПРАШАЊА ВРЗ ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И КРАЛСТВОТО ДАНСКА

347.963:341.44/.45(4)
347.963:341.44/.45(4)]:341.645.5(4-672ЕУ)
Original research paper

Апстракт: *Предмет на овој труд е мултикултурниот аспект на РепубликаМакедонија и Кралството Данска и неговото влијанието врз правната регулатива за заштита и промоција на мултикултурализмот. Во трудот е направена компарација помеѓу уставните и законски акти поврзани со овие прашања, со цел да се спореди колку мултикултурните прашања, односно етнички, религиски и јазични одлики претставуваат предизвици (и колку често) за измени на правната регулатива во двата случаи. Изборот за анализа на овие два случаи е направен со цел да се споредат две различни мултикултурни општества и да се увиди на кој начин мултикултурните прашања влијаат на правната регулатива и колку истите се одржливи и трајни.*

Клучни зборови: *устав, мултикултурализам, малцинства, Република Македонија, Кралство Данска, Гренланд, Фарски Острови*

Вовед

Тргнувајќи од предметот и целта на ова истражување,во првиот и вториот дел на трудот е направена анализа на правната норматива, за пршањата поврзани со различноста која произлегуваод етничката, религиската и јазичната припадност на населнието кое живее во рамките на овие две држави. Конкретно анализата ги вклучува уставните одредби, законските акти и политики, со цел да се увидатпричините (за

---

*Доцент на Правен Факултет, Универзите „Гоце Делчев„ – Штип.

нивно усвојување и донесување),фрекфентноста на нивните измении резултатите од предизвиците со кои се соочува правната регулатива. Во третиот дел е направена споредба помеѓу двата случаи со сите нивни разлики и сличности. Во заклучниот дел е прикажана актуелната ситуација со цел да се увиди колку измените се трајни и издржливи или пак сеуште претставуваат потенцијален предизвик на актуелните уставни и законски норми.

1. Општи карактеристики на Кралството Данска и правните акти во однос на мултикултурните прашања

Кралството Данска географски опфаќа три територијални целини(Данска, Гренланд и Фарските острови) кои меѓусебно се одвоени и копнено не поврзани. Данската држава се наоѓа на северниот дел од европскиот континент, поточно на полуостровот Јитланд ина архипелаг од многубројни острови кои се сместени во Балтичкото и Северното море. Островот Греналнд географски муприпаѓа на северноамериканскиот континент, сместен во водите на Северноатлнтскиот и Артичкиот Океан, додека Фарските острови се наоѓаат во водите на Аталнтскиот Океан. Припадноста на Фарските острови и Гренланд во рамките на Кралството Данска датира уште од времето на двојната Данско-Норвешка монархија (од 1380 година) и трае се до денес[1], во период кога овие два острови се спремаат за својата независност.

1 Првите контакти на европејците со Гренланланд датираат од времето на викинзите, додека првите доселувања на островот се случуваат во 982 година од страна на Исланѓаните кои ги населуваат јужните делови од островот, (кој во тоа време е веќе населен од Ескимите). Кога во 1261 година Исланд прифаќа да биде под норвешката круна, истото го прават и населените заедници на Гренланд. Во 1380 година се основа првата Унија помеѓу Норвешка и Данска под данската круна, во која автоматски влегуваат и норвешките територии (вклучувајќи ги и Фарските острови). Овие територии ќе бидат дел и од Калмарската Унија (1397-1523), која последователно ќе стане само Данско-Норвешка Унија (1536-1814), а од 1818 година до 1944 година Данско-Исландска Унија. Иако во 1814 година Норвешка престанува да биде данска провинција и станува дел од Шведска, Гренланд како и Фарските острови остануваат во рамките на кралството Данска, се до денес. Sørensen, A.K., *Denmark-Greenland in the twentieth century*, Meddelelser om Grønland, Man and Society 34, Copenhagen, The Commission for Scientific Research in Greenland, 2006, p.11 (05.12.2020) Retrieved fromhttps://library.oapen.org/handle/20.500.12657/34944
Morensson, R., *L'Unione di Kalmar: quando la Danimarca riunì tutta la Scandinavia*, 02.12.2020 (05.12.2020) Retrieved fromhttps://www.noglen.eu/2020/12/02/unione-di-kalmar-danimarca/

Според последните податоци на Индексмунди[2]од јули 2020 година, проценкатае дека бројот на населението на Данска изнесува5.869.410 жители од кои, 86,3% се Данци (вклучувајќи ги и Фарцитеи Гренлаѓаните) потоа 1,1% се Турци и 12,6% од населението е составено од Полјаци, Сиријци, Германци, Иракчани и Романци. Во однос на подеталната распореденост на гренланѓаните и фарците кои во статистичките податоци погоре се во групата на Данци и се одвоени од „дојдениците„ податоците покажуваат дека Фарците се најмногу населени на Фарските острови, а Гренланѓаните на островот Грениланд. Според податоците наведени во *The world factbook*[3] од 2018 година, од вкупното население на Фарските острови кое изнесува52.154 жители, 87,6% се Фарци, 7,8% се Данци, 1,4% се други Нордици, додека 3,2% се припадници на други националности (Филипинците (0,34%), Исланѓаните (0.33%), Тајланѓаните (0,23%), Норвежаните (0,19%), Романците (0,19%), Полјаците (0,15%) и Британците (0,13%)). Во однос на етничката припадност на населението на Гренланд, кое брои 57.616 жители, според последните податоци од јули 2020 година на Central Intelligence Agency[4], 89,7% се Гренланѓани, 7,8% Данци, 1,1% други Нордици и 1,4% припадници на други етнички групи. Слични се бројките и на статистиката на Greenland in figures 2020[5], која се води одместото на раѓање, и според која 89,5%„се родени Гренланѓани„ а 10,5%„се дојденици„ односно родени надвор од Гренланд.

Во однос на државното уредување,Кралство Данскае уставна монархија, на чие чело стои Монарх (моментално Кралица)со законодавни и извршни надлежности.Првиот Устав на Кралството Данска е донесен во 1849 година, со кој од апсолутна монархија (која била воведена во 1665 година) кралството се конституира како уставна монархија, со два дома,Landstinget and Folketinget. Овој Устав ќе опстане до 1866 година кога се носи нов, со кој на монрхот му се дава право да влијае на изборот на Landstingetи му се обезебдува место во Државниот совет. Следните измени ќе бидат направени

2 *Denmark demographics profile*, Indexmundi (17.11.2020) Retrieved from https://www.indexmundi.com/denmark/demographics_profile.html

3 *The World Factbook,* Central Intelligence Agency,(03.12.2020) Retrieved from https://www.cia-.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/fo.html

4 *TheWorld Factbook*, Central Intelligence Agency, (29.11.2020) Retrieved from https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/gl.html

5 Vahl, B.and Kleemann, N., (Edited by),*Greenland in figures 2020*, Statistics Greenland, (18.11.2020) Retrieved from www.stat.gl

во 1915 година, со донесувањето на новиот Устав (со чии одредби на жените им се обезбедува право на избор) и во 1920 година, кога со амандман во Уставот се воведува дека територијата на Северен Шлезвиг се анектира кон Кралството Данска. Последниот Устав кој воедно е сеуште во сила е Уставот од 1953 година, со кој се конституира еднодомен систем (Folketinget), се воведуваат основни човекови права и право на женски престолонаследник на државата[6].Овој Устав има валидност на целата територија на Кралството, а дополнително на овој акт, на Фарските острови и Гренланд важат и посебни Акти со кои се регулираат односите со Данска и се овозможуваавтономност на делување во одредени општествени и политички сфери.Имено од 1948 година на Фарските острови се применувaЗакон за внатрешно уредување на Фарските острови (Home Rule Act of the Faroe Islands[7]),кој всушност претставува Закон за уставната позиција на Фарските острови во рамките на Кралството и со кој се одредува дека островите претставуваат самоуправна заедница. На Гренланд пак од 1979 година се применувaГренландски закон за внатрешно управување (The Greenland Home Rule Act[8]), со кој се одредува дека Гренланд претставува одвоена заедница во Кралството Данска, со сопствено Собрание (Landsting) и Влада (Landsstyre),додека од 12 јуни 2009 година стапува во силаЗаконот за самоуправување на Гренланд (Act on Greenland Self-Government[9]), со кој се проширува неговата автономија и се признава греналндскиот народ. Во продолжение е даден краток осврт наКралскиот устав и специјалните закони за Фарските острови и Гренланд, во деловитекои се однесуваат на народот, јазикот, религијата и други карактеристики со

6 Pedersen, S., *My Constitutional Act - My Constitutional Act with explanations*, 12th edition, The Communications Section, Danish ParliamentFolektinget, March 2014, https://www.thedanishparliament.dk/-/media/pdf/publikationer/english/my_constitutional_act_with_explanations.ashx
Прашањето за престолонаследник се уредува со *Danish Act of Succession* од 1953 година кој има ист статус како Уставот. Актот е изменет во 2006 година кога се одредува дека престолонаследник ќе биде секогаш првороденото без разлика на полот.

7 *Home Rule Act of the Faroe Islands, N. 137 of March 23rd 1948*,The Government of the Faroe Islands, (17.11.2020) Retrieved from https://www.government.fo/en/the-government/the-home-rule-act/

8 *The Greenland Home Rule Act, Act No. 577 of 29 November 1978*, Naalakkersuisut The Government of Greenland, (17.11.2020) Retrieved from https://naalakkersuisut.gl/en/About-government-of-greenland/About-Greenland/Politics-in-Greenland

9 *Act on Greenland Self-Government,Act no. 473 of 12 June 2009*,Naalakkersuisut The Government of Greenland, (17.11.2020) Retrieved from https://naalakkersuisut.gl/en/About-government-of-greenland/About-Greenland/Politics-in-Greenland

кои населението се поистоветува.

- Уставот на кралството Данска од 1953 година

Уставот на Кралството Данска е поделен на 11 делови, од кои, во интерес на мултикултурните прашања кои се предмет на овој труд, наведени се оние кои се посветени на човековитеправа, религиозното прашањеи статусот на Фарските острови и Гренланд.Во првиот член од овој Устав се одредува дека Уставниот акт се применува на сите делови од Кралството Данска, што со други зборови значи и на Фарските острови и на Гренланд. Во деветтиот дел на уставот, кој е посветен на Фарските острови, Гренланд и Исландсе уредува прашањето за возраста на избирачите на локалната самоуправа и црковните совети и се одредува дека исландските граѓани може да продолжат да ги уживаат правата на данските граѓани[10].Покрај ова, во Уставот се предвидува дека од вкупно179 претставници во Парламентот (Folketing), две пратенички места се обезбедени за пратениците од Фарските острови и две пратенички места за пратениците од Гренланд (чл.28).Уставот не содржи одреби со кој се одредува официјален јазик во кралството, меѓутоа според статистичките податоци, јазици кои се употребуваат во рамките на Кралството се: данскиот јазик (на цела територија на кралството), фарскиот јазик (на Фарските острови), гренландскиот јазик (наГренланд) и германскиот јазик (кој се користи од страна на германското малцинство во Шлезвиг).Во однос на религијата пак, во Уставот стои дека Евангелско-Лутеранската црква е државна црква на Данска.Според статистичките податоцизавероиспиовест на населениетоод 2019 година, 74,7% од населението е од евангелско-лутеранската вероисповест, 5,5% се муслимани и 19,8% се припадници на други религии, од кои секоја посебно не надминува повеќе од 1%, меѓу кои: римокатолици, јеховини сведоци, православни срби, евреи, баптисти, будисти, мормони, пентекостали и не-номинирани

10 Во член 86 се уредува прашањето за возраста на избирачите на локалната самоуправа и црковните совети, кои на Фарските острови и Греналнд може да биде уредено со статут, додека со член 87 се уредува прашањето поврзано со Исланѓаните. Имено, Исланд станува независен во 1918 година, но горенаведениот Закон им ги даваше истите права како на Данците, што вклучуваше дури и право на глас. Овој закон за Унијата беше укинат во 1944 година, од кога Исланд изјави дека сака целосно да се повлече од Унијата, укинувајќи ги на тој начин и специјалните права на Исланѓаните кои живееа во Данска. Меѓутоа иако правата се повлекоа дополнително беше воведена специјална шема која беше вметната и во данскиот Устав, со амандман од 1953 година.
Susannah Pedersen, *Op.Cit.*

христијани[11]. Иако во однос на религијата, вочетвртиот член од првиот дел на Уставот се одредува дека Евангелско - Лутеранската Црква ќе биде Основана Црква на Данска и како таква ќе биде подржана од Државата, во членот 70 се одредува дека: ниту едно лице не смее да биде лишено од уживање на граѓанските и политичките права заради сопственото религиозно убедување, ниту пак заради истото да ги избегне заедничките граѓански должности. Како и да е, Уставот одредува дека иако државата може да ја подржува Евнагелко-Лутеранската црква, како финансиски, така и на други начини,истовремено може да избере да подржува и други религии, иако не е обврзана на истото. Во седмиот дел кој е посветен на Еванглеско-Лутеранската црква се одредува дека уставот на Основаната Црква треба да биде утврден со статут (член 66), а дека за црковните прашања одлучува Министер за црковни работи. Во членот6 од вториот дел на уставот пак, кој е посветен на Кралското семејство, се одредува дека Кралот треба да биде припадник на оваа религија. Во однос на другите права кои се оденсуваат на граѓанските права и слободи и човековите права, во членот 71 во осмиот дел на уставот се вели дека заради политичко или религиско убедување, или заради сопственото потекло никој не смее да биде лишен од слобода.

Со вакава поставеност на уставот, се чини дека не постои одраз на мултикултурниот аспект на општеството и негова промоција, иакоподатоците во однос на етничката припадност на популацијата, јазикот и релгијата со која се идентификува населението, го покажуваат спротивното. Статистичките податоци покажуваат дека на Фарските острови најголем дел од населението се Фарци, на Гренланд Гренлаѓани, а дека во данскиот дел Шлезвиг живеат 20.000 Германци. За заштита и промоција на различноста на овие граѓани, секако дека постојат закони, кои како резултат напоставени барања, се усвоени во текот на историјата.

- Специјален закон заФарските острови

Фарските острови претставуваат северноатлантски архипелагсоставен од вкупно 18острови кои административно се поделенина 29 општини[12]. Иако историјата го врзува овој остров за

11 *The World Fact Book*,Central Intelligence Agency, (17.11.2020) Retrieved from https://www.cia.gov/the-world-factbook/field/religions

12 општини имаат помалку од 500 жители, 25 општини под 2000 жители, додека најнаселен е главниот град Торшавн со приближно 21.000 жители. Втор по население е Класвик со 5.000 жители, додека трет е Рунавик со 3.900 жители. Statista Research Department, Jun 8, 2020 (17.11.2020) Retrieved from https://www.statista.com/

кралството Данска, по одредени карактеристики за идентификација, фарците се разликуваат од мнозинското население во кралството, кое се дефинира како данско. Имено, мнозинството од 52.154 жителина Фарските острови е составено од фарскиот народ, но и од жители од други националности (скоро 8% се данци, околу 4,5% се други доселеници). Официјален јазик е фарскиот јазик кој се разликува од данскиот јазик. Овој јазикприпаѓа на западноскандинавската група на северногермански јазици и претставува независен јазик со зачувани карактеристики на старонордискиот јазик, и иако е тесно поврзан со исландскиот јазик, двата јазика се меѓусебно неразбирливи[13]. Разлики се јавуваат и во религиската припадност на населението. Иако мнозинството население се припадници на Евангелско-Лутеранската црква, 13% од населениетоприпаѓаат на Плимутските браќа, а застапени се и римокатоличката религија, движењето на Духовден, Адвентистите на седмиот ден, Јеховини сведоци, Конгрегација на Филаделфија, верата на Бахаи и други[14].

Поврзаност на овие острови со Кралството Данска, како што веќе беше споменато, датира уште од времето на Данско-Норвешката Унија. Првиот дански устав од 1849 година, како и последователните уставиважат и се применуваат и на Фарските острови. Во 1852 година се основа првото фарско собрание, а после скоро еден век, во1946 година се организира првиот консултативен референдум во однос на тоа дали островите да се одвојат или да останата во рамките на кралството. Иницијативата за ваквиот референдум произлеглаод несогласувањето, односно различните ставови на фарските партии и данската влада во однос на прашањето како да се воспостават понатамошните односи помеѓу Кралството и Фарските острови (кои за време на Втората Светска Војна биле под британска власт и се здобиле со одредени права). На покана на данската влада, во 1946 година,претставниците на Народната партија (People's Party) се изјасниле дека се за независен систем од данскиот устав, додека претставниците од другите две партии кои го имале мнозинството во собранието: Социјал Демократската партија (Social Democratic Party) и Унионистичка Партија (Unionist Party) биле согласни за

statistics/805966/population-of-the-faroe-islands-by-island/

13 Encyclopedia Britannica, (03.12.2020) Retrieved fromhttps://www.britannica.com/topic/Faroese-language/

14 Religion, Faroesilands.fo, the official gateway to the Faroe Islands, (21.11.2020) Retrieved from https://www.faroeislands.fo/people-society/religion/

систем во рамките на данскиот устав, но меѓусебно се разидувале по прашањето за законодавната власт на *Лаїтинїот(Løgting)*[15]. Партијата на социјалдемократите сметала дека собранието треба да добие законодавна власт за фарските работи, додека Унионистичка партија претендирала на систем во кој фарското собрание би имало консултативна улога. Предлогот на данскиот премиер пак билна фарското собрание да му се додели власт за административна регулатива, со законодавен карактер за специфични фарските работи,додека данскиот гувернер да се замени со дански „Државен претставник„ на Фарските острови. Доколку не се прифати овој предлог, алтернативатабила сепарација од Кралството. Иако овој предлог не бил добро прифатен од ниту една од трите партии, сепак оние со мнозинството во собранието (12 преставници од вкупно 23) се решиле да го прифатат и истиот да го изгласаат. Заради негодување на еден од припадници на мнозинството кој се изјаснил дека не се согласува и дека во суштина е сепаратист, не дошло до гласање и се преминало на трето решение: консултативен референдум[16]. Од резултатите се воспоставило дека од валидните гласачки ливчиња, 50,7% се изјасниле за одвојување од данското кралство, додека 49,3% биле за прифаќање на предлогот на Владата, меѓуто останал фактот дека се работи за консултативен референдум последователо на што данскиот крал го распуштил фарското собрание и распишал избори за ноември истата година. Од изборните резултати

15 Sølvará, H., A., *The use of referendums in the Faroe Islands,* p.14, (03.12.2020) Retrieved from https://www.researchgate.net/publication/325206376_The_Use_of_referendums_in_the_Faroe_Islands/link/5b02c1ea0f7e9be94bda8e97/download

16 Излезеноста на референдумот бил 67,6%, од кои 50,7% се изјасниле за одвојување од данското кралство, додека 49,3% биле за прифаќање на предлогот на Владата.Да се напомене дека пред 1946, правото на референдум на Фарските острови за прв пат се искористува во 1907 година на референдум за забрана за продажба и лиценца за алкохол, додека во врска со усвојување на нов Устав ова право се искористува во 1920 година со кој се прави обединување на северниот дел од германската окупирана територија на Шлезвиг со Данска. Овој референдум не се спорведува на барање на фарците, туку бил воведен како формално правило во Данскиот устав. За разлика од првиот Устав кој се воспоставува без да им се даде право на референдум, овој пат иако правото фарците го имаа, на референдумот гласале 24,9% од гласачите на фарските острови, од кои 98,4% се изјасниле за негово прифаќање. Малиот одзив се должел можеби и на апелите на Jóannes Patursson, фарскиот претставник во Данското собрание и припадник на националистичката партија Self Rule Party, да не се излезе на гласање. Слаба излезеност е забележана и на референдумот за Уставот од 1953 година (7,6%), како и подоцна на референдумот од промена на данскиот Закон за сукцесија (11,8%). Idem

мнозинството гласови им припаднале повторно на унионистички партии кои отпочнале повторни преговори со данската влада, кои во март 1948 довеле до донесување на Закон за внатрешно уредување на Фарските острови. Имено со овој закон,на Фарските острови им се признава посебна позиција во рамките на Кралството (вклучувајќи ги националните, историските и географски асепкти), односно се одредува дека данскиот парламент*Риīсдаī* (Rigsdage) го усвојува актот за уставната позиција на Фарските острови во рамките на Кралството, во согласност со одобрението на фарскиот парламент *Лоīтинīот*. Во членот 1 од овој Закон,Фарските острови се дефинираат како самоуправна заедница во Данското кралство, на која им се обезбедува законодавна и административна одговорност во голем спектар на сфери[17].Централната власт е застапувана од страна на Висок Комесар, додека Фарците се претставени преку двајца пратеници во Данскиот парламент. Фарскиот јазик е главен јазик на Фарските острови, но данскиот јазик треба да биде научен добро и внимателно и може да биде користен исто како и фарскиот јазик во јавните работи. Во случаи на судски жалби фарските документи се придружени со дански превод (член 11). Покрај ова се признава специјално фарско знаме, односно се одредува дека данското знаме "Dannebrog" ќе се употребува од државните органи на Фарските острови и на бродовите (член 12)[18].Во членот 10 се одредува дека во пасошот или во потврдите за националност, издадени во Фарските острови за фарците, зборот „Føroyingur" и "Førovar", ќе биде вметнат по зборовите Данец и Данска. Лицето кој е дански субјект и резидент на Фарските острови ќе се смета за Фарец. Во ниту еден друг аспект во закондавството или администрацијата не постои никаква разлика помеѓу фарците и други субјекти од данската држава.

Други акти кои последователно се усвоени на Фарските острови се: Закон за надворешна политика на Фарските острови бр.80 од 14 Мај

17 Овие надлежности и трансферот на законски и административна власт на фарските острови се регулирани со Assumption Act of 2005 - Act no. 578 од 24 јуни 2005 година. *Assumption Act of 2005 - Act no. 578*, The Constitutional Act of the Faroe Islands, The Government of the Faroe Islands, (17.11.2020) Retrieved from https://www.government.fo/en/foreign-relations/constitutional-status/

18 Приватните лица, како и компании, синдикати, заедници и институции може да го користат знамето и на копно. Од друга страна регулативата која се однесува за употреба на фарското знаме на Фарските острови и на бродовите кои се регистрирани таму, ќе бида под специјална фарска надлежност.

2005 година (*Foreign Policy Act of the Faroe Islands*), кој се донесува врз основа на Спогодба помеѓу владите на Фарските острови и Данска и Дански Закон бр. 578 од 24 јуни 2005 година*(Assumption Act of the Faroe Islands*[19]), со кој јавните власти на Фарските острови преземаат надлежност за одредени работи, кои се набројани во самиот Акт. Во овие два закони не постои ништо поврзано со мултикултурни прашања, туку со нив се дава поголема автономија во вршење во одредени општествени области.

- Закон за внатрешно уредување и Закон за самоуправување на Гренланд

Греналнад, исто како и Фарските острови, има долговековна историја која е поврзана со данското кралство. Првите зачетоци на формализирање на неговиот статус почнуваат во 1721 година кога добива колонијален статус,кој ќе трае до 1953 година, кога станувaОкруг во рамките на кралството. Во 1979 година островот добива автономја, која по триесет години ќе биде проширена, со добивање на право на самоопределување на нејзиниот народ. За греналандски народ во овој документсе мисли на Инуитите (позанти како Ескимикои себе си се нарекува *Калаалит* што во превод значи „човечко суштество„[20]) и се признаени според Меѓународното право. Нивниот јазик припаѓа на Ескимско-алеутската фамилија на јазици, која е составена од различни дијалекти, а оној кој се употребува како службен јазик на Гренланд е Западниот гренландски дијалект. Ако ги земеме во превид статистичките податоци, разликата помеѓу населението кое живее на Гренланд најчесто се прави помеѓу оние кои се родени во Гренланд и оние кои не се родени во Гренланд. Инутите се сметат за жители на Гренланд што значи дека се дефинираат и како Гренланѓани, меѓутоа меѓу жителите има и данци, нордици и други од кои, некои се родени на островот, а некои се доселеници. Во однос на религијата, најзастапена е евнагелско-лутеранската религија. Гренланд всушност има независна епархија во Данската Евангелско-Лутеранска Црква. Други религии и вери кои се практикуваат на островот се римокатоличката, новоапостолската, религијата на јеховините сведоци, бахаја верата и др. Покрај употреба

19 *Assumption Act of the Faroe Islands*, The government of the Faroe Islands (28.11.2020) Retrieved from https://www.government.fo/en/foreign-relations/constitutional-status/the-assumption-act/

20 *Facts about Greenland*, Naalakkersuisut The Government of Greenland (28.11.2020) Retrieved from https://naalakkersuisut.gl/en/About-government-of-greenland/About-Greenland/Facts-about-Greenland

на сопствен јазик и постоење на посебна епархија, од 1985 година како национален симбол на Гренланд се воведува и употребува официјално греналнадско знаме[21].

Првиот грендландски акт кој на некој начин бил поврзан со Гренланд бил усвоен во 1905 година и се однесувал на црквата и образованието во Гренланд[22].Донесувањето на овој акт се случува во период кога реформаторите ги одредиле своите главни точки во врска со Гренланд, а се однесуваа на сепарирање на Трговскиот Оддел од цивилната администрација во Гренланд и општинска самоуправување на гренланѓаните. Овие последните се остварилe содонесување на *Danish Act concerning the Governing of the Colonies in Greenland,* кој бил усвоен на 27 мај 1908 година[23].Последователно биле донесени и други закони во врска со ловот и риболовот и други прашања. Во 1945 година Данска ја потпишала и ратификувала Повелбата на Обединетите Нации за деколонизација, а во 1953 година данскиот парламент ќе се одлучи и за спроведување на овој процес. Последователно, до 1978 година, кога ќе биде донесен првиот Закон за домашно управување, од Гренланд ќе пристигнуваат постојани барања за поширока автономија. Имено, иако први партиски движења на Гренланд се појавуваат во 40-тите години од 20-тиот век, првата вистинска политичка партија на Гренланд се формира во 1964 година позната како Партија на Инуитите чии преставници сметале дека Гренлаѓаните треба да бидат сметани за посебен народ во согласност со принципите на саоопределување, земајќи во предвид дека имаат своја култура, јазик и традиција. Покрај ова, негодувањето на Гренланѓаните ќе биде изразено и при влезот на Данска во ЕУ, (за што, бил организиран референдум, на кој 70% од гренландските жители се изјасниле против членство во ЕУ), како и при давањето на лиценци на меѓународните нафтени компании за истражување на водите на Гренланд и влегување на европски бродови во нејзините води заради риболов. Овие низа прашања довеле до отварање на дебата за Закон

21 Воведувањето на знамето се случило врз основа на иницијатива на еден весник кој барал предлози за националното знаме на островот, а не преку референдум како што било предвидено.Sørensen, A., K., *Denmark-Greenland in the twentieth century*, Meddelelser om Grønland, Man and Society 34,Copenhagen, The Commission for Scientific Research in Greenland, 2006. p. 168 (05.05.2020) Retrieved fromhttps://www.gesis.org/ssoar/home

22 Реформаторите сметаа дека е потребна промоција на културата и самоуправување на Гренланѓаните, од друга страна мисионерите сугерираа подобрување на образованието и катехизмот. Sørensen,*Idem*, p.23-24

23 *Ibid*, p.27

за Внатрешно уредување при што три политички партии од Гренланд направиле притисок за негово донесување[24].

Во однос односите со Данска, Уставот на кралството Данска предвидува учество на двајца претставници од Гренланд во данскиот парламент (член 28), посебни правила за претставување на Гренланд во Парламентот, кој може да бидат донесени со Статут (член 31, точка 5), како и можност за посебни правила донесени со Статут за отпочнување и одредување на претставувањето на Гренланд и Фарските острови во Парламентот (член 32, точка 5). Исто така Уставот вклучува и проширување на правилата за референдум, односно можност на спроведување на референдум на Гренланд и на Фарските острови кој би бил регулиран со Статут (член 42, точка 8). Врз основа на оваа одредба и побарувањата на Гренланд за поголема економска и политичка автономија, на 29 ноември 1978 година во данскиот парламент се усвојува Законот за Внатрешно управување на Грениланд (Закон бр. 577 од 29 ноември 1978) кој последователно на 17 јануари 1979 година бил ставен на гласање на референдум во Гренланд. Од 63% излезеност на гласачите на реферндумот, 70% гласале за усвојување на овој Закон по што истиот официјално влегува во сила на 1 мај 1979 година. Клучната точка во воведот на овој документ е „Гренлад да се направи повеќе Гренландски„[25]. Член 1 од Законот одредува дека Гренланд е одвоена заедница во Кралството Данска и дека власта за внатрешното управување ќе ги водат работите во согласност со одредбите утврдени во самиот закон. Членот 2 одредува дека институции на власта на Гренланд се Собранието (Landsting) и Владата (Landsstyre). Во осмиот дел се одредува дека резидентното населние на Гренланд има основно право за почитување на основните природни ресурси на Гренланд. Во деветиот дел се одредува дека главен јазик е гренландскиот јазик, а дека данскиот јазик мора темелно да се учи и дека двата јазици може да се користат за службени цели. Овој Акт имено беше резултат на барања кои потекнаа од самиот Гренланд.

После 21 година од донесувањето на овој Закон,се формрира комисија за оценка на неговото применување. Од анализата за примена, резултирало дека е потребна поголема автономија во разни области, што доведува до донесување на Актот за самоуправување. Пред

24 Во седумдесетите години трите партии: лево центарска Сиумит (Напред) заедно со десно центарската Атассут (Солидарност) и левицата Инуит Атакатигит (Инуитска заедница)

25 Sørensen, A., K., *Op.cit.,*p. 154

официјалното усвојување на овој Акт, кое се случува на 21 јуни 2009 година, во ноември 2008 година бил одржан референдум, на кој 75% од гласачите на Гренланд гласале за негово усвојување. Во Преамбулата на овој закон се вели дека Актот е усвоен од данскиот парламент и дека се заснова на договор помеѓу гренландската влада (Naalakkersuisut) и данската влада како еднакви страни. Во Актот се одредува дека судството, законодавството и извршната власт ќе бидат извршувани од гренландските институции, дека централната данска власт на Гренланд ќе биде застапена преку Висок Комесар, кој е шеф на управната власт за прашања кои не се пренесени во надлежност на Гренланд, додека гренланѓаните продолжуваат да учествуваат во Парламентот на Кралството Данска, со свои двајца пратеници.Едно од најзначајните прашања кое се уредува со овој Закон се однесува на тоа дека данскиот Парламент го признава народот на Гренланд *Калааллит* како народ согласно меѓународното право на самоопределување, а во глава осум, член 21 се одредувадека одлуката за независност на Гренланд ја донесува народот на Гренланд, преку референдум. Покрај ова во глава седум, член 20, се одредува дека гренландскиот јазик е официјален службен јазик на Гренланд. Секако се подразбира дека како втор службен јазик останува данскиот јазик. Во училиштата наставен јазик е гренландскиот јазик, додека данскиот се учи уште во прво одделение од основното образование, а англискиот во погорните одделенија.

- Декларацијата од Копенхаген (за германското малцинство од Шлезвиг)[26]

Шлезвиг е географска област чиј јужен дел е во рамките на Германија, (во кое живее данско малцинство), додека севериот дел се простира на полуостровот Јитланд, во која живее германско малцинство. За време на германската окупација на Данска во текот на Втората Светска војна се воведуваат посебни права за Германците во сверниот дел на покраината, кои последователно по завршување на конфликтот биле укинати од данската влада и пропратени со конфискација на

26 Stocco, G., *Schleswig, fra Germania e Danimarca*, Etnie, rivista di scienza, geopolitica e cultura dei popoli,(18.11.2020) Retrieved from https://www.rivistaetnie.com/schleswig-germania-danimarca/
Becker-Christensen, Henrik, Consul General, *"From Confrontation to cooperation", The Danish-German minority model*, The Danish consulate general in Flensburg, Germany, 2014, (18.11.2020) Retrieved from https://www.ecmi.de/fileadmin/downloads/The_Danish_German_minority_model_Becker_Christensen_2014.pdf

приватните германски училишта и отфрлање на германскиот јазик како наставен јазик од општинските училишта. Ваквата состојба се подобрува само благодарение на истоветни декларации потпишани од двете земји во 1955 година, познати како Декларација од Бон и Декларација од Копенхаген. Имено владата на германската покраина на Шлезвиг-Холштајн во септември 1949 година му доделува на данското малцинство апсолутна национална слобода, во културна, црковна и јазична смисла, додека еден месец подоцна се усвојува и Протоколот од Копенхаген, со која на германското малцинство од Северен Шлезвиг се доделуваат истите гаранции како на данците во Шлезвиг - Холштајн. За дефинитивно решавање и одредување на сите прашања во 1955 година по иницијатива на германскиот Канцелар Конрад Аденауер се потпишуваат истоветни декларации, согласно Европската Конвенција за човекови права со кои се гарантираат основните права и обврски кои произлегуваат од неа, меѓу кои: лична слобода, еднаквост пред законот, слобода на мислата, слободен пристап, без какво било ограничување или дискриминација на јавното вработување; право на ист третман за сите граѓани, без никаква дискриминација врз основа на раѓање, јазик, потекло или мислење и други. Во Декларцијата се вели декапризнавањето на културата и националниот идентитет на малцинствата е целосно, без никаква можност за дискриминација, како и употреба на нивните јазици, говорени и пишани, од страна на поединецот и организациите. Се споменува правото на образование на својот јазик, како и употреба на јазикот на радио заради информирање на сопствениот јазик. Покрај ова,заради причина што малиот број на германско населението не може да си овозможи место во данскиот парламент, осоноване Секретеријат за малцинства.Дополнително да се напомене дека заштитата на ова малцинство произлегува и од Европската карта за регионални и малцински јазици која Данска ја ратификува во 2000-та година.

2. Правните норми и политики наРепублика Македонија во однос на мултикултурни прашања

- Заштита на немнозинските заедници во Уставот на Република Македонија

Република Македонија е сместена на Балканскиот полуостров, во Југоисточниот дел на Европана територијална површина од 25.430км². Според етничкиот составот на нејзиното население, а во согласност

со податоците од последниот попис спроведен во 2002 година, од вкупно2.022.547 жители, 64,18% се изјасниле како Македонци, 25,17% како Албанци, 3,85% како Турци, 2,66% како Роми, 1,78% како Срби, 0,84% како Бошњаци, 0,48% како Власи и 1,04% припадници на други етнички заедници.Македонија, како државна единка, се основа на 2 август 1944 година, кога се одржува првото заседание на АСНОМ, во рамките на југословенската федерација, а од 1991 година се конституира како суверена и самостојна и како граѓанска и демократска држава. Првиот Устав во рамките на југословенската федерација е донесен во 1946 година, на кој последователно ќе следат уставот од 1963 година и уставот од 1974 година. Во Уставот од 1946 година на Народна Република Македонија (НРМ) се одредува дека:„*македонскиот народ се соедини врз основа на начелото на рамноправност со останатите народи на Југославија и нивните народни републики*„, и дека „*националните малцинства во НРМ го уживаат правото и заштитата на сопствениот културен развиток и на слободна употреба на својот јазик*„[27]. Подоцна со Уставот од 1963 година на Социјалистичка Република Македонија (СРМ)[28], се воведува терминот *народности-национални малцинства*на чии припадници им се гарантираат одредени права и се одредува дека истите се рамноправни во се, со Македонците. Со Уставот од 1974 година[29]пак, за прв пат албанската и турската народност добиваат статус на конститутивни субјекти на

27 Устав на Народна Република Македонија од 1946 година., Член 12, 20 и 24. Службен весник на Нардона Репубика Македонија, бр.1, год. III, 01.01.1947 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/571D5D9AF0DB42A3A37F220F77476EB5.pdf

28 Устав на НРМ од 12.04.1963, токча 3, чл.72-75, Службен весник на СРМ, бр.15, год. XIX, од 12.04.1963
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/37EB0C4961424D1286094520A974BBC9.pdf

29 „...македонскиот народ заедно со народностите на Македонија ја создаде Социјалистичка Република Македонија како национална држава на македонскиот народ и држава на албанската и турската народност во неа„. Устав на СРМ од 25.02.1974, Службен весник на СРМ, бр.7, год.XXX, 25.02.1974 http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0AF2E0456C964935B7705FB5BF6F31F9.pdf
Со Деловникот на Собранието на СРМ од 1986 година употребата на јазикот на народностите се проширува и врз работата на Собранието и неговите работни тела, на соборите и заедничките седници на Собранието. Со овој акт секој делегат имал право да зборува и на јазикот на народноста на која и припаѓал, а секој граѓанин или странец кој бил поканет да учествува на работата на седницата исто така можел да го користи својот јазик на работата на седницата на Собранието и на неговите работни тела.
Шкариќ, С., *Споредбено и македонско уставно право*, Матица македонска, Скопје, 2004, стр. 399

македонската држава, а на припадниците на етничките групи им се гарантираат исти права и должности и рамноправност со македонскиот народ и народностите. Во 1989 година, пред распадот на Југославија, се усвојува амандамнот LVI со кој се менува Преамбулата на Уставот од 1974 година, и со кој на турците и албанците им се одзема статусот на конститутивна народност. Согласно оваа измена во Преамубалата се одредуваше дека *„СРМ е национална држава на македонскиот народ...и социјалистичка самоуправна демократска заедница, на македонскиот народ и на рамноправните со него припадници на други народи и на народностите кои живеат во неа„*[30]. Имено од оваа измена произлегоа првите негодувања кај Албанците од Македонија и истите беа изразени преку бојкотирање на референдумот за независност на Македонија, одржан во септември 1991 година и бојкот при гласањето на Уставот усвоен на 17 ноември истата година. Незадоволството произлегуваше од нерамноправноста во конститутивниот елемент, односно од содржината на Преамбулата на новиот устав од 1991 година во која се декалариираше дека:„*Македонија се конституира како национална држава на македонскиот народ, во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Ромите, Власите и другите националности кои живеат во Македонија*“[31].Во однос на гарантирање на слободите и правата на граѓанинот пак, уставот се засновашена принципот на недискриманција и гарантираше еднаквост на сите граѓани пред законот, додека во однос на националностите обезбедуваше посебни одредби за правата и слободите на нивните припадници поврзани со развојот на нивниот етнички, културен, верски и јазичен идентитет. По дестегодишно негодување од страна на Албанците кое за жал кулминираше со вооружен конфликт, Преамбулата на Уставот од 1991 година беше изменета во 2001 година, со амандманот 4. Со овие измени, се отфрли терминот *национални*ости и се воведе терминот*граѓани*, наведувајќи дека граѓаните се: македонскиот народ идел од албанскиот народ, турскот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ и бошњачкиот народ кои живеат во границите на Македонија, икои

30 Покрај тоа се додадоа зборовите припадиците на други народи (во чл.3 и 4 од уставот) се замнеи став 1 на чл.1 и се избриша чл 2 од уставот. Амандман на Уставот на СРМ, Службен Весник на СРМ ,бр.29 од 26.07.1989
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/245BBB86D1354148B0725DC74D5D893A.pdf

31 Устав на Република Македонија од 17.11.1991, Службен весник на РМ, бр.52 од 22.11.1991
http://www.slvesnik.com.mk/Issues/19D704B29EC040A1968D7996AA0F1A56.pdf

заедно со македонскиот народ ја конституираат независна и суверена Македонија. Последната измена што ја претрпи Преамбулата, направена во 2019 година, воведе нова ставка во името на државата (амандман 33) и предвиде бришење на зборовите „кои живеат во нејзините граници“ (амандман 34) и оттука финалната содржина на Преамбулата денес гласи: „*Граѓаните на Република Северна Македонија, македонскиот народ, дел од албанскиот народ, турскиот народ, влашкиот народ, српскиот народ, ромскиот народ, бошњачкиот народ и други*„.

Имено најголемите измени кои ги претрпе Уставот од 1991 година се случија во 2001 година, а произлегоа од Охридскиот Рамковен Договор (ОРД) кој беше потпишан за да стави крај на вооруженото конфликт и да предложи рамка за уставни и законски измени со кои мултикултурниот карактер ќе биде одразен во јавниот живот на општеството. Имено ОРД беше скроен за да одговори на барањата на Албанците, кои се однесуваа на конститутивниот елемент (губење на статусот од Уставот од 1974 година), албанскиот јазик (барање за неговата употреба во високото образование и јавната сфера), вработувањето (застапеност на Албанците во јавниот и државен сектор), политичко учество (примена на чист пропорционален модел за избори на пратеници во Собранието, за градоначалници и општински советници, затоа што постоечкиот не овозможуваше пропорционална застапеност на Албанците и во некој случај и никаква застапеност на претставниците на помалите партии, кои меѓудругото беа партии на помалкубројните националности)и употреба на симболите и знамињата на националностите заради одраз на нивната култура. За задоволување на овие права владечките гарнитури секако дека направија одреден прогрес кој се однесуваше на: отварање на Универзитетот на Југоисточна Европа(приватна институција) на кој покрај македонскиот и аланглискиот јазик, може да се студира и на албански јазик; во однос на нивната застапеност во државните и јавни исститутции, почна да се применува неформална политика за вработување на припадниците на националностите, пред се во Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, а посебно се зголеми бројот на припадниците на албанската националност во редовите на кадетите, во воениот сектор и во Воената академија, како и во Уставниот и Врховниот суд[32]; во однос на изборниот модел беше донесен Закон за

32 Првите резултати покажаа зголемување на бројот на припадници на националностите во Министерството за внатрешни работи (зголемување од 3% застапеност, регистрирана на почеток на 90-тите години на 8,7% регистрирана во 1996 година), во Министерството за одбрана (зголемување на бројот на граѓански службеници припадници на националностите, од 16% на 22%) како и во воениот

избор на пратеници во парламентот, преку кој се отпочна со примена на мешан изборен модел(мнозински и порпорционален), со цел истиот да овозможи пропорционално одразување на гласовите во пратенички и советнички места, како и поголема застапеност на помалите партии, односно индиректна политичка партиципации на сите националности; во однос на знамињата пак беше донесен закон за нивна употреба, но подоцна истиот беше укинат од Уставниот Суд.

Сите овие прашања на некој начин беа сумирани во одредбите на ОРД којпредвидуваше донесување на амандмани за измена на одредени членови од Уставот. Покрај гореспоменатитот амандман 4 со кој се измени Преамбулата, беа измененти или дополнети и уставните членови кои се оденсуваа на јазикот, религијата, политичкото учество, застапеноста во државни и јавни исститутции и слично. Во однос на јазикот членот 7 беше заменент со амандманот 5 кој одредува дека:*на целата територија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговотот кирилско писмо, а друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик покрај македонскиот јазик* (за издавање на лични документи, во комуникација со министерствата, во органите на државната власт). Во однос на барањето за поголема застапеност на албанската заедница во државните и јавни органи и институции беше донесена нова темелна вредност (со амандманот 6 се дополни членот 8 во алинеја 2) која предвидува *соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и во другите институции на сите нивоа*.Се амандманот 7 се направи измена на членот 19 со што покрај Македонската православна црква, се набројуваат и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи посочувајќи дека се одвоени од државата и се еднакви пред закон. Со амандманот 8 се замени членот 48 кој гарантира право на изразување, негување и развивање на особеностите на припадниците на заедниците.Имено новитетот во овој амандман е замена на терминот*нациналности* со терминот*припадници*

кадар, каде беше регистрирано зголемување на бројот на албанските кадети при Воената академија од 2% на 12% и на воените офицери од 0.1% регистрирани во 1993 година на 3% регистрирани во 1995 година. Покрај ова се зголемил и бројот на судии од албанска националност во Уставниот суд, (двајца од вкупно девет) и во Врховниот суд (каде од вкупно 16 судии, бројот на албански судии се зголеми од еден на четири.). Ackermann, A.,*Making peace prevail, preventing violent conflict in Macedonia*, Syracuse University press, 2000, pp.63, 91.

на заедниците. Друг новитет, воведен со амандманот 10 со кој се замени членот 69 од Уставот, со цел да се даде ефикасно учество на немнозинските заедници во донесувањето на политики и одлуки кои се поврзани со употреба на јазиците, симболите, образованието, културата и други прашања, се однесува на начинот на гласање при донесување на одредени закони при што треба да се почитува *Бадинтеровото мнозинство*[33]. Со амандманот 12 се замени членот 78 исе брише алинејата 7 на членот 84 од Уставот. Овој амандамн предвидува основање на Комитет за однос меѓу заедниците чии членови ќе бидат од редот на пратениците и тоа 7 Македонци, 7 Албанци и по 1 пратеник од другите заедници (Турци, Бошњаци, Срби, Роми и Власи).Според Законот за употреба на знамиња на заедниците во РМ пак, заедниците заради изразување на својот идентитет и особеностите имаат право да го употребуваат знамето кое го имаат избрано[34]. Членот 8 од Законот го уредува начинот на истакнување на знамињата на заедниците, додека членот 8-а одредува дека знамето на Република Македонија се истакнува со други знамиња согласно со закон и е со поголема димензија од една третина од другите знамиња.

3. Споредба на правните норми, во Македонија и Данското Кралство, причиниза нивна измена и добиените резултати

- *Конституирање и државно уредување*

Кралството Данска како уставна монархија постои од 1849 година, додека Македонија својата државотворност ја остварува скоро

33 Според Бадинтеровото правило, при донесување одредена одлука потребно е двојно мнозинство, односно, мнозинство од вкупните гласови, меѓу кои треба да има мнозинство од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во РМ гласовите на претставниците од немнозинските заедници.

34 Членот 4 од Законот за употреба на знамињата на заедниците во РМ, одредува дека во единиците на локалната самоуправа во кои живеат граѓани припадници на заедницата и се повеќе од 50% од населението во таа единица на локалната самоуправа, пред и во објектите на органите на единицата на локалната самоуправа, постојано се истакнати знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница, додека членот 5 одредува во кои околности се истакнува знамето на заедниците пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, јавните служби и правните лица основани од единицата на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти.
Закон за употреба на знамињата на заедницте во РМ, Службен весник на РМ, бр.58/05, од 19.07.2005 и Закон за изменување и дополнување на закон за употреба на знамињата на заедницте во РМ, Службен весник на РМ бр.100 од 25.07.2011

еден век подоцна, односно во 1944 година. Од донесувањето на првиот кралски устав до денес, со исклучок на Исланд кој ја прогласува својата независност во 1944 година и излегува од кралството, Фарските Острови и Гренланд остануваат во неговите рамки и добиваат статус на констиутивни делови и право на самоуправување. (Фарските острови,своја автономност во уредувањето на внатрешните работи добиваат во 1948 година, додека Гренланд ваквиот третман го добива дури во 1979 година). Во македонскиот случај, од својата државотворност до денес, најголемата измена се случува во 1991 година кога Македонија станува независна држава и престанува да биде дел од југословенската федерација,додека втората битна измена доаѓа во 2001 година со имплементацијата на одредбите од Охридскиот Рамковен Договор кои резултираа со уставни измени и поголеми права за малцинствата.

Уставот на Република Македонија ја дефинира Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држава (член 1), чија територија е неделива и неотуѓива (член 3), додека данскиот устав почнува со одредбата дека Уставниот акт ќе се применува на сите делови на Кралството Данска. Од оваа одреба се воочува дека во данскиот случај постои различно државно уредување (кралство, односно уставна монархија) додека во делот кој упатува на „сите делови„ се мисли на автономните единки Гренланд и Фарските острови, што воочува на основна разлика помеѓу двете држави, кои се предмет на анализа во овој труд. Имено земајќи во предвид дека автономноста на овие единки е загарнтирана со закони, истото значи дека освен данскиот устав, законите имаат највисоко правно дејство во овие делови. Оттука ваквата поставеност на нормите го прави данскиот случај различен од македонскиот каде во Уставот се уредени сите прашања, дури и тие за посебностите на населението.

- Дали постои промоција мултикултуралноста во уставните акти?

Во однос на мултикултурните прашања, македонскиот устав јасно упатува на постоење и промоција на мултикултурниот елемент, додека данскиот устав е повеќе сконцентриран на улогата, надлежностите и уредувањето на кралската фамилија и начинот на престолонаследството. Во македонскиот устав од 1991 годинапромоцијата на мултикултуралната реалност во општеството најмногу се гарантира и одразува преку уставниот член 48 кој

гарантира слободно изразување, негување и особености на идентитетот и националните особености на припадниците на националностите, и одредува дека Републиката ја гарантира заштитатата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентиет на националностите. Во однос на националностите, истите беа споменати во самата Преамбула по основ на нивна националност, а членот 7 гарантираше употреба на јазикот на националностите во единиците на локалната самоуправа каде припадници на националностите се мнозинство или се во значителен број. Последователно како што веќе беше споменато, измените на Преамбулата и одредени уставни членови го воведоа граѓанскиот принцип, меѓутоа ја истакнаа и мултикултуралноста и различноста на населението, односно општеството. Денес во македонскиот устав се наведува од кого е конституирана државата (граѓаните), кои се конституентите (народ и делови од народи) наведувајќи ја и нивната етничка припадност и се споменува терминот *заедници*, кое посочува на постоење на повеќе заедници. Во однос на мултијазичноста, од Уставот може да се воочи дека постои еден официјалниот јазик на државата и во меѓународните односи, меѓутоа со наведување на условот за употреба на други јазици и писма, се алудира на постоење и право на употреба на други јазици. Мултикултурлноста се изразува и преку различни религиски и верски заедници кои се набројани во самиот устав.

Од друга страна во данскитеустави(од привиот, од 1848 година, до последниот, од 1953 година) не постојат одредбиво кои се споменува конститутивниот елемент, ниту официјален јазик на кралството. Кралската фамилија, иако тоа изрично не е наведено во Уставот, има данска етничка припадност и треба да е од евангелско-лутеранска вера. Во уставот не се споменуваат мнозинска заедница со етничка припадност и одреден јазик,но сепак данскиот јазик е оној кој се употребува на цела територија на кралството. Единствен елемент за идентификација и припадност кој е спомнат во данскиот устав е Евангелско-Лутеранската религија и црква. Имено, во Уставот голем дел од содржината е посветен на органите на власта, кралското семејство и Евангелско-Лутеранската црква, која се смета за државна црква на кралството и религија на која мора да припаѓа кралското семејство.

Оттука може да се заклучи дека мултикултурналноста во македонскиот устав е изразена и уставно заштитена, додека во данскиот Устав не постојат одредби кои конкретно ја одразуваат мултикултуралната реалност.

- *Субјекти-баратели на права*

Во однос на причините за измени и дополнување на Уставот во Македонија, барањата беа директно поставени од припадниците на албанските политички претставници од Македонија, а решенијата на истите произлегоа од Охридскиот Рамковен Договор, кој претставува политички договор и рамка за измени на уставот. Мултикултурните прашања претставуваатвсушност основниот предмет на измените на Уставот. Иако Уставот од 1991 година беше во согласност со универзалните стандарди за заштита на малцинствата, дури и повеќе од тоа, за кое сведоштво е и *Извештајот на Бадинтеровата Комисија* од 1991 година, сепак според еден дел од населението, односно Албанците од Македонија, истите не беа доволни за промоција на нивниот културен идентитет и не ја одразуваа соодветно нивната конститутивност во државата.

Во Данскиот случај на ист начин барањата пристигнуваат директно од оние кои по својот идентитет, култура и јазик се чувствуваат различни од мнозинството, односно политичките преставници на Фарскиот народ и на Инуитите од Гренланд. Во однос на правата на германците, истите се резултат на взаемната државнагерманско-данска иницијатива за заштита на малцинското население, односно „реципрочно возвраќање на третманот„. Што значи дека освен од германското население, иницијативата за измена доаѓа и е подржана како од данската така и од германската влада. Ова прашање зазема и меѓународни димензии, ако се земе во предвид фактот дека за него се дискутира на Самитот на Нато одржан во Париз во 1954 година[35], но сепак правното дејство на Декларациитеод 1955 година, кои имаат иста содржина и реципрочен карактер, не се сметаат за меѓународни документи, затоа што се само резултат на преговори, помеѓу две држави и секоја од нив важи во сопствената држава.

- *Начини на измени на правната нормативa*

Барањата за поголема автономија во фарскиот случај, се манифестира преку референдум (1946) кој иако не бил признаен ја одразува реалната волја на народот. Две години подоцна крајниот исход резултирал со донесување на Закон за внатрешно уредување на Фарските острови, со кои се уредуваат прашањата помеѓу овие острови и Данска. Што значи, највисокиот акт на кралството, односно Уставот не претрпе никакви измени, додека автономијата е уредена со

35 Becker-Christensen, Henrik Consul, General, *Op.Cit*., p.3

Закон. Истото се случува и во врска со Гренланд, кој најпрвин беше деколонизиран, а потоа постепено доби автномност преку Законот за внатрешно уредувања и Законот за самоуправување. Разликата помеѓу последниот и претходниот закон во однос на Гренланд, во најголем дел е во делот кој се однесува на економските и природни ресурси, како и во поголематаавтономија на Гренланд во меѓународните односи.Покрај прашањата кои ги уредуваат односите помеѓу островите и централната влада, овие закони го признаваат фарскиот и гренландскиот народ, какои службеноста на фарскиот и геренландскиот јазикна нивните територии. Во однос наДекларацијата од Копенхаген, со кој се уредува прашањето на германците кои живеат во Данска, се работи за документ кој не може да се смета за посебен законски акт како во случајот со гренландските и фарските акти, затоа што истиот само ја изразува заштитата која владата ќе се заложи да ја обезбеди во однос на нејзините жители во овој дел на Данска. Меѓутоа фактот дека оваа Декларација беше одобрена и усвоена од данскиот парламент зборува за нејзината важност и волја на применливост.Друг документи кој може да се спомене во овој контекст е потпишувањето и ратификувањето на Конвенцијата за заштита на националните малцинства со која Данска го идентификува германското малцинство во Јитланд како национално малцинство во рамките на Конвенцијата[36].

Во македонскиот случај, иако во првото десетолетие беа донеснеи низа на закони со кои се правеа обиди да се подобри статусот на Албанците и другите националности во Македонија, барањата на Албанците беа насочени директно кон промена на Уставот, дури и со употреба на оружје.Незадоволството кулминираше во вооружен конфликт, а резултатот беше потпишување на мировен договор кој воедно е и политички и предвидуваше измена на уставот. Измената на уставот беше направена со амандмани кои се засноваа на она што ОРД го предвидуваше.

Наместо заклучок

Земајќи ја во предвид цеолкупната анализа може да се извлечат неколку основни заклучоци. Двете држави кои се дел од оваа анализа,Република Македонија и Кралството Данска се мултикултурни

36 *Comments of the Government of Denmark on the Fifth Opinion of the Advisory committee on the framework convention for the protection of national minorities by Denmark*, 2 July 2020, (18.11.2020) Retrieved fromhttps://rm.coe.int/5th-com-denmark-en/16809ee8d5

општества. Нивното државно уредување е различно и истото влијае и на содржината на уставот. Додека македонскиот устав се заснова на граѓанскиот принцип на еднаквост и гарантира заштита на мултиуклутралноста, данскиот устав оддава големо внимание на кралското семејство. Во недостаток на уставни одредби кои ги штитат културните различности на оние кои не се етнички данци, а со векови се дел од данската круна, истите се заштитени со Специјални акти, со Декларација и со ратификување на меѓународни документи. Меѓутоа и покрај донесувањето на овие акти и уставни одредби, барањата се постојано присутни и актуелни.Оттука прашањето е колку спроведените политики од кои произлегуваат уставните и законски измени се трајни и издржливи?

Постојат бројни случаи на мултикултурни општества кои се стабилни и истрајни, иако општото мнение е дека мултикултурните општества се склони на конфликт и оттука се дефинираат како конфликтни општества. Ако ги споредиме двата случаи од оваа гледна точка, во македонскиот случај се потврдува тезата на конфликтно општество, додека во данскиот случај не постојат вакви облици (ниту дури во германскиот случај кој во минатото било причина за конфликт,меѓутоа не иницран од внатре, туку конфликт со соседна држава). Конфликтното општество во Македонија требаше да се стабилизира со имплементација на Охридскиот Рамковен договор, додека стабилноста во рамките на кралството да се одржува со дадената автономија. Меѓутоа иако данскиот случај изгледа стабилен, реланата состојба е малце поразлична. Партиите кои се залагаат за независност (Гренландсиките партии: Siumut, Inuit Ataqatigiit, Demokraatit, Partii Naleraq and Partii Inuit и фарската партија Republican Party, People's Party, Self Rule Party)е јасен показател за постоење на активен потенцијал за остварување на независноста.Најновите вести се дека и двата острова се на чекор од независноста. Во гренладнскиот случај овој чекор се презема во2017 година кога се формира Уставна Комисија[37], составена од седум члена, (по еден член од секоја партија од националното собрание), која треба да подготви устав за независен Гренланд, односно два устави: еден устав за периодот до прогласување на независноста на Гренланд и другустав кој ќе се примени од кога Гренланд ќе стане независен. Комисијата во рок од три години требаше да заврши со своите обврски, но побара продолжување на рокот и подготовка на

37 McGwin, K., *Greenland forms a commission to write its first constitution*, The Arctic Journal,May 2, 2017 (07.12.2020) Retrieved from https://www.arctictoday.com/greenland-forms-a-commission-to-write-its-first-constitution/

само еден устав, оној кој подоцна би бил усвоен како официјален устав на независен Гренланд. Најоптимистичка дата за презентирање на уставната независност беше предвидена за време на националниот празник 2на 1 јуни во 2021 година[38].Имено оваа можност за независнот во гренландскиот случај произелгува од Актот од 2009 година со кој на гренланѓаните им се дава право на прогласување независност и од Одлуката која е дадена, како на Гренланд така и на Фарските острови, да напишат сопствен закон кој би се применувал само локално.

Во фарскиот случајод секогаш постоеле два политички спротивни блока. Едниот блок на партии е за независност, додека другиот блок на партии е за унија со данската држава[39]. Најновите збиднувања во однос на независноста се од 2017 година, кога беше најавено дека следната година во април ќе биде презентиран устав за независност на Фарските острови, кој потоа би требало да биде предмет на гласање преку референдум. Донесувањето на уставниот текст доцнеше заради која причина не се одржа ни реферндумот кој беше предвиден за 2018 година. Во следната година пак 2019, се одржаа парламентарни избори кои доведоа до промена на владата која моементално е во рацете на Партијата на Унијата, Народната партија и Централистичката партија. Мешаната ориентација (про и контра независност) на овие политички партии можно е да го одложи донесувањето на уставот за независност и одржувањето на референдум за негово усвојување, на подолг период од колку што првично се очекуваше.

Во однос на македонскиот случај, аманднамните кои произлегоа од Охридкскиот Рамковен Договор беше предвидено да бидат трајна

38 McGwin, K., *Work resumes on a constitution for Greenland, with a request for a new deadline*, The Arctic Journal,May 19, 2020 (07.12.2020) Retrieved from https://www.arctictoday.com/work-resumes-on-a-constitution-for-greenland-with-a-request-for-a-new-deadline/

39 Партиите од блокот за независнот се: Републиканската партија (левичарска партија основана во 1948 година), Народната партија (конзервативна, со централно десничарска ориентација од 1939 година) како и Прогресивната партија (основана во 2011 година со либерална централно-десничарска ориентација). Партиите пак коисе за унија со Данска, односно не за одделување од Данска се: Партијата на Унијата (од 1906 година, либерална и земјоделска партија со централно десничарска ориентација), Социјалдемократкста партија (од 1925 година со централно-левичарска ориентација), Централиситчката партија (конзервативна со десничарска ориентација од 1992 година) и Самоуправувачка (од 1906 година со социјал либерална ориентација која важи за партија од центарот).
Nation profile, Faroe Islands World news - Stateless nations and peoples and diversity (07.12.2020) Retrieved fromhttps://www.nationalia.info/profile/15/faroe-islands

основа за уредување на мултикултурните прашање и воедно за стабилноста на државата. Иако амандманите се усвоија и се дел од уставот, барањата од страна на албанските политички преставници не замреа. Постојано се изменуваат законите кои произлегоа од уставните амандмани, меѓутоа барањата и измените не се прават врз основа на амандманите, туку албанските политичари сеуште се повикуваат на текстот на ОРД. ОРД од нивна страна не е сфатен како основа за амандамните, туку како непресушен извор на нови барања и правни измени. Еден пример за тоа е постојано актуленото прашање кои го регулираат прашањето за јазиците. Друг пример за постојано барање за некакви измение и последната измена на преамбулата, која се направи при усвојување на амандманот со кој се смени името на државата.

Од сето горе наведено може да се донесе краен заклучок дека во македонскиот и данскиот случај мултикултурните прашања претставуваат постојан предизвик заправната регулатива. Додека во случајот на данска најверојатно крајниот резултат на овој предизвик ќе биде прогласување на независност на Гренланд и Фарските острови, во македонскиот случај да се надеваме дека ќе се почитуваат и ќе има конечно прифаќање на нормите онакви какви што се.

*Jordanka Galeva, PhD**
Law Faculty University Goce Delchev Stip

THE IMPACT OF MULTICULTURAL ISSUES TO LEGAL NORMATIVE IN REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE KINGDOM OF DENMARK

Abstract:*The paper analyzes the multicultural aspect of the Republic of Macedonia and the Kingdom of Denmark and its impact on the legislation for protection and promotion of multiculturalism. The paper will compare and analyzethe constitutional and legal acts of the two countries, as well as,of the policies and other legal documents related to multicultural question. The aim of the analysis is to compare, if the multicultural issues (ethnic, religious and linguistic), represents challenges (and how often) for revision of their legislation. The choice of the subject of analyseswas done in order to compare two different multicultural societies and to see how multicultural issues affects the legal regulation and how sustainable and durable they are.*

Key words: *multiculturalism, minorities, constitution acts, Republic N. Macedonia, Kingdom Denmark.*